# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-2947/1

Скопје 06.08.2021г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: Сите радиодифузери**

**За: Управителите/директорите и одговорните уредници**

**Предмет:** **Потсетување за обврските според Изборниот законик во периодот пред почетокот на изборната кампања**

Почитувани,

Со распишувањето на Локалните избори, закажани за 17 октомври 2021 година, веќе се на сила одредбите од Изборниот законик.

Оттаму, Ве потсетуваме дека од денот на распишување на изборите течат два рока:

- **3 дена** во кои радиодифузерите треба **да се регистрираат во Државната изборна комисија (ДИК)** доколку планираат да емитуваат платено политичко рекламирање (ППР) за време на изборната кампања (***член 75-ѓ став 6***), и
- **5 дена за да утврдат ценовници за ППР** (доколку се регистрирале во ДИК за емитување ППР) **и да ги достават до надлежните институции – ДИК, ДЗР, ДКСК и АВМУ**. До почетокот на изборната кампања, ценовниците треба најмалку двапати јавно да се објават на програмите (***член 75-ѓ ставови 3 и 4***).

Со дописов укажуваме и на следниве одредби од Изборниот законик што се релевантни за известувањето и постапувањето на радиодифузерите во периодот пред почетокот на изборната кампања:

- Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери што одлучиле да го покриваат изборниот процес, должни се тоа да го прават на пристапен и на достапен формат и јазик, како и на знаковен јазик (***член 75 став 1***);
- Известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и на правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања не смее да биде во функција на нечие изборно медиумско претставување (***член 75-б и член 76-а став 12***);
- Забрането е уредници, новинари, водители на програма и презентери во радио и телевизиските програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања. Доколку се одлучат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите мирува од денот на распишување на изборите до нивното завршување (***член 75-в***);
- ***Забрането е да се емитува платено политичко рекламирање (ППР)*** со исклучок на огласи и на соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи (***член 75-д став 1***). Доколку се емитуваат вакви огласи и соопштенија, треба да бидат во согласност со правилата утврдени во ***член 75-д ставови 2 и 3***.

- Забрането е да се емитуваат *„реклами финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините и на градот Скопје, и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања“* (***член 75-д став 4***). ***Оваа забрана не важи за кампањите на ДИК***, наменети за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори, затоа што таквите кампањи не се сметаат за платено политичко рекламирање (***член 76 став 7***). Радиодифузерите што се регистрирале дека ќе емитуваат платено политичко рекламирање, обврзани се да ги емитуваат кампањите на ДИК - задолжително и без надомест, во траење од 30 секунди на секои 3 часа, а притоа треба да користат пристапен и достапен формат и јазик, како и знаковен јазик (***член 75-д став 5, и член 76 став 7***);

- При објавување резултати од испитувања на јавното мислење, поврзани со учесниците во изборниот процес, мора да се наведат податоци за: - името на нарачателот што го побарал и што го платил испитувањето; - институцијата што го извршила испитувањето; - применетата методологија; - големината и структурата на испитаниот примерок, и периодот во кој е спроведено испитувањето (***член 77 став 2***);

- Јавниот радиодифузен сервис е должен, без надомест, во соработка со ДИК, да ги информира граѓаните за начинот и за техниката на гласањето, да емитува други информации поврзани со изборниот процес, и да обезбеди непристрасно информирање (***член 76-а став 1***);

- Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања меѓу најголемите политички партии од власта и од опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес (***член 76-а став 11***).

Во тековниов период - пред официјалниот почеток на изборната кампања, радиодифузерите се должни при известувањето за изборниот процес да ги почитуваат професионалните начела за новинарската дејност, опфатени со членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), посебно начелото за објективно, непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, така што ќе ѝ овозможат на публиката слободно да оформи свое мислење за одделни настани и прашања (***член 61 став 1, алинеја 9***). Во оваа смисла, Јавниот радиодифузен сервис е должен да ги почитува и стандардите и начелата од **членот 111** на ЗААВМУ, а сите радиодифузери се должни да ги почитуваат посебните забрани од **членот 48** од ЗААВМУ.

Исто така, Ве потсетуваме дека радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишување на изборите до нивното завршување, снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по завршување на изборите, а на барање од Агенцијата, најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето, да ѝ достават снимки од бараната емитувана програма, како и други податоци поврзани со медиумското известување за изборниот процес (***член 75-г од Изборниот законик***).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**